# „Не е дозволена крвта на муслиманот, освен во три случаи

Ибн Месуд, Аллах нека е задоволен со него, пренесува дека Аллаховиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рекол: „Не е дозволено да се пролее крвта на муслиманот, освен во три случаи: – оженет кој извршил блуд, – човек кој убил друг човек, – и оној што ја напуштил својата вера и се издвоил од заедницата.“ „Не е дозволена крвта на муслиманот, освен во три случаи: оженет кој извршил блуд, човек кој убил друг човек, и оној што ја напуштил својата вера и се издвоил од заедницата.“
[صحيح] [متفق عليه]

Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, појаснил дека крвта на муслиманот е забранета, освен ако не изврши едно од трите дела: 1. Оженет кој направил блуд – во тој случај дозволено е неговото погубување со каменување. 2. Оној што бесправно убил невин човек – тогаш се погубува, но под одредени услови пропишани во шеријатот. 3. Оној што се одделил од заедницата на муслиманите – било со тоа што целосно ја напуштил верата - отпадништво, или со издвојување без отпадништво, преку напаѓање на муслиманите, пресретнување на патници, создавање неред или вооружено востание, како што правеле харииџиите и другите слични групи.

https://sunnah.global/hadeeth/mk/show/4714